ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ул. Македонија 12/3
Палата Македонија
Скопје, Р.Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@drz.gov.mk
www.dzr.gov.mk

**Број: 13-431/7**

**Дата: 30.05.2011**

**ДО**
**ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ЈАВНИ ПАРКИРАЛИШТА ГРАДСКИ ПАРКИНГ - СКОПЈЕ**

## КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

Резиме

Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи заедно со ревизија на усогласеност на Јавното претпријатие за јавни паркиралишта Градски паркинг – Скопје (во понатамошниот текст Градски паркинг ) за 2009 година.

Извршена е ревизија и издаден е извештај за финансиските извештаи и за усогласеност со закони и прописи за 2005 година и не е изразено мислење за финансиските извештаи и законското и наменското користење на средства, и дадени се 12 препораки.

Со ревизијата на превземените мерки по дадените препораки се констатира дека јавното претпријатие делумно превземало мерки по дадените препораки.

Изразено е негативно мислење во однос на вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи како и негативно мислење во однос на усогласеност со законските прописи во финансиските трансакции за 2009 година.
Со извршената ревизија констатирано е дека Градски паркинг не обезбедил доследно постапување со документираниот материјал и архивската граѓа.

Од увидот извршен во Паркинг системите сместени во Одделението за грижа на корисници ревизијата не доби релевантен и достатен доказ за бројот на активни картички поединечно по паркинзи за определен период, ниту пак доказ дека е извршено фактурирање за сите активни картички за кои има склучено договор / барање за користење на јавните паркиралишта поради што ревизијата не може да потврди дека приходот е целосен.

Не е обезбедена потребната документација за правото на користење/сопственост со паркинг просторот и постои висок ризик за загуби по јавното претпријатие за вложените средства.
Јавното претпријатие не превземало активности за пресметување и наплата на комуналната такса, поради што е извршен инспекциски надзор од страна на надлежните служби на Градот Скопје со што на јавното претпријатие му е создадена обврска за плаќање на име комунална такса.

Извршени се градежни работи на паркинзите со кои стопанисува Градски паркинг кои за 2009 година изнесуваат 4.069 илјади денари и истите се евидентирани како трошоци за тековно одржување иако според важечката законска регулатива преставуваат капитални расходи.

Согласно Заклучокот донесен од Советот на град Скопје Градски паркинг е задолжен дел од наплатената сума за подигање на возила од зелена површина да ги уплатува на Јавното претпријатие Паркови и зеленило - Скопје. Извршена е наплата на средства за подигнати возила од зелена површина, но за истата нема евидентирано обврска кон Јавното претпријатие Паркови и зеленило – Скопје.

Констатирани се состојби на недоследно почитување на одредбите од Законот за јавните набавки, кои создаваат можности за нееднаква и недискриминаторска положба на понудувачите.

Надлежните органи за управување и раководење со јавното претпријатие потребно е да превземат мерки и активности за надминување на утврдените состојби.
Утврдена е системска слабост во одредбите на Законот за комуналните такси поради што надлежните органи потребно е да превземат активности за преиспитување на постојните одредби и предлагање на соодветни решенија за надминување на утврдената слабост.

Од страна на раководителот на Градски паркинг добиени се забелешки по Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор, истите се разгледани од страна на Овластениот државен ревизор и не се прифатени, поради тоа што дел од доставените забелешки преставуваат информирање за превземените мерки за дадените препораки и воедно не се доставени нови докази со кои ќе се оспорат или променат утврдените состојби.

# 1. Вовед

1.1. Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи (страна 21 до 24) заедно со ревизија на усогласеност на Јавното претпријатие за јавни паркиралишта Градски паркинг – Скопје за 2009 година кои се состојат од биланс на состојба на ден 31 декември, биланс на успех, извештај за промените во главнината/капиталот, извештај за паричните текови за годината која завршува со тој датум и преглед на значајни сметководствени политики и објаснувачки белешки кон финансиските извештаи.

1.2. Ревизијата на финансискиот извештај од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 23 од Законот за државна ревизија.

1.3. Извршена е ревизија и е издаден извештај за финансиските извештаи и за усогласеност со закони и прописи за 2005 година на Јавното претпријатие Градски паркинг Скопје и не е изразено мислење за вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи.

1.4. Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај, е одговорност на раководството на субјектот застапувано од:

- Љупчо Јованов – директор во период од 06.10.2005 година до 09.11.2009 година;
- Панче Стојановски - ВД директор од 10.11.2009 година до 19.05.2010 година, и
- Борче Јакимовски – директор од 20.05. 2010 година до денот на ревизијата;

Оваа одговорност вклучува дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола која што е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи кои што се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки, избор и примена на соодветни сметководствени политики, како и правење на сметководствени проценки кои што се разумни во околностите.

Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска

регулатива, упатства и воспоставени политики.

Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1., врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансискиот извештај се во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски доказ за тоа дали приходите и расходите на Јавното претпријатие за јавни паркиралишта Градски паркинг - Скопје се користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и проценка на ризикот од неусогласеност.

## 2. Цели и делокруг на ревизијата

2.1. Цел на ревизијата:

- на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања без разлика дали се резултат на измами или грешки и да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување.
- на усогласеност во врска со ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

2.2. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз годишната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Македонија.

2.3. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховни ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија. Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали

финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања докази коишто ги поткрепуваат износите и обелоденувањата во финансиските извештаи. Изборот на постапки зависи од ревизорската процена, вклучително и процена на ризиците за материјални погрешни прикажувања во финансиските извештаи без разлика дали се резултат на измами или грешки.

При процена на ризиците, ревизорот ги разгледува интерните контроли како релевантни за подготовката и објективното презентирање на финансиските извештаи со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите, но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на интерните контроли на субјектот. Ревизијата исто така вклучува проценка на соодветноста на користените сметководствени политики и сметководствени проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 2.1. на овој извештај, како и општа оценка за севкупното презентирање на финансиските извештаи. Веруваме дека обезбедените докази ни обезбедуваат разумна основа за нашето ревизорско мислење.

Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена во периодот од 24.11.2010 година до 20.01.2011 година кај Јавното претпријатие Градски паркинг Скопје од тим на Државниот завод за ревизија.

3. **Осврт на ревизијата од претходните години - спроведување на препораките.**

Ревизијата од точка 1.1. погоре опфати ревизија на спроведување на препораките дадени во Конечниот извештај на ОДР за 2005 година.
Со ревизијата на преземените мерки по дадените препораки се констатира дека јавното претпријатие делумно превземало мерки за дадените препораки (Преглед II).

4. **Наоди и препораки**

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорните лица на субјектот - предмет на ревизија, одржан на ден 02.03.2011 година.
На ден 10.05.2011 година со писмо број 03-365/2 примени се забелешки по Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор број 13-431/6 од 10.05.2011 година.

Забелешките се разгледани и е оценето дека истите не содржат значајни елементи за суштинска промена на утврдените состојби во Нацрт

извештајот, односно дел од доставените забелешки претставуваат информирање за превземените мерки за дадените препораки, во одреден дел се наведуваат причините за утврдените состојби без притоа да се презентираат веродостојни докази со кои ќе се оспорат или преиначат утврдените состојби.

Текстот на забелешките по Нацрт извештајот на ОДР и одговорот на забелешките се дадени во прилог кон Конечниот извештај.

## 4.1. Интерни контроли

### Процес на јавни набавки

4.1.1. При оценка на системот на интерни контроли на процесот на јавни набавки и следење на нивната реализација, констатирано е дека воспоставените контролни системи и постапки (ex-ante и ex-post финансиска контрола) не секогаш обезбедуваат почитување на потребните процедури односно не секогаш се превземени потребните активности, за избегнување односно намалување на ризикот од недоследно почитување на законските и подзаконските акти (набавка на производи и услуги по најповолни цени и услови и соодветно користење на средствата). Утврдената состојба не е во согласност со одредбите на Законот за јавни набавки и Законот за јавна внатрешна финансиска контрола. Ваквата состојба има за последица можност од необезбедување фер конкуренција, еднаква и недискриминирачка положба на понудувачите, транспарентност и јавност во набавките.

## 4.2. Усогласеност со закони и прописи

4.2.1. При увидот во начинот на работа и правилата на постапување со документираниот материјал и архивската граѓа во канцеларискoто и архивско работење во текот на 2009 година констатирани се состојби кои не се во согласност со Уредбата за канцелариско и архивско работење и Упатството за начинот и техниката на постапување со документиран материјал и архивска граѓа во канцеларискoто и архивско работење и тоа како што следува:

- Исправките во деловодникот кои се извршени со повлекување на тенка линија преку погрешно запишаните текстови не се заверени со дата и потпис, не водејќи сметка за тоа податоците од една рубрика да не преминуваат во друга;

- Во деловодникот се оставени празни места/основни броеви кое упатува на можно дополнително запишување на нови примени и сопствени акти;
- Не се води помошна евиденција заради распоредување на актите по работни единици, односно не се води интерна доставна книга заради полесно и побрзо ракување со актите помеѓу работните единици;
- Деловодникот на 31.12.2009 година не е заклучен со наведување на датум, печат и потпис на работникот кој е задолжен за водење на деловодникот и одговорното лице и службена белешка за вкупниот број на предмети заведени во деловодникот под последниот основен број и
- Не се врши поврзување на деловодникот во една или повеќе книги впишување на називот на јавното претпријатие, годината, првиот и последниот основен број заедно со заверените примероци на Планот на архивски знаци, Листата на архивска граѓа од трајна вредност и Листата на документиран материјал со рокови за чување на почетокот на годината.

Утврдената состојба не е во согласност со одредбите на членовите 9, 10, 13 и 14 од Уредбата за канцелариско и архивско работење, а во врска со точките 15, 24, 25, 26 и 40 од Упатството за начинот и техниката на постапување со документиран материјал и архивска граѓа во канцелариското и архивското работење.

Несоодветното заведување, водење, чување и заштита на основната евиденција и не водење на помошна евиденција во јавното претпријатие предизвикува ризик од нецелосно заведување и евидентирање на сите акти во деловодникот, а со тоа и непостоење контрола над сите акти кои ги донесува самото јавно претпријатие и оние кои се примаат во претпријатието со оние кои се заведени во деловодникот.

Во периодот од завршување на теренскиот дел од ревизијата и известување за извршената ревизија од страна на јавното претпријатие доставени се: Одлука за воведување на интерна доставна книга број 03-641/1 од 03.09.2010 година и копии од последната страница на деловодниците за 2009 и 2010 година, од кои може да се констатира дека деловодниците се заклучени дополнително со потпис и печат без наведување на датум на заклучување и службена белешка за вкупниот број на предмети заведени во деловодникот под последен основен број.

Со доставените забелешки раководителот на Градски паркинг информира за превземените активности односно дека е воведен софтвер за канцелариско и архивско работење, обезбедена е нова

и соодветна компјутерска опрема за ефикасно функционирање на софтверот и истиот е целосно ставен во употреба. За констатираната состојба кон забелешките на Нацрт извештајот доставен е допис од Македонски Бизнис Системи ДООЕЛ–Скопје како потврда за функционирање на системот заведена под број 03-398/1 од 29.04.2011 година.

**Препорака**

Надлежниот орган на раководење на претпријатието да превземе мерки и активности за донесување на акти со кои ќе се уреди начинот на работа и правилата на постапување со документираниот материјал и архивската граѓа во канцеларискoто и архивското работење.

4.2.2. Согласно Заклучокот донесен од Советот на град Скопје број 07-1464/2 од 23.05.2006 година Градски паркинг е задолжен дел од наплатената сума[1] за подигање на возила од зелена површина да ги уплатува на Јавното претпријатие Паркови и зеленило - Скопје. Со увид во сметководствената евиденција – дневните извештаи за подигнати возила врз основа на која е евидентиран приходот од Секторот Пајак, ревизијата утврди дека за 2009 година извршена е наплата за подигнати возила од зелена површина, но за истата нема евидентирано обврска кон Јавното претпријатие Паркови и зеленило – Скопје. Искажан е приход за целиот уплатен износ од соодветниот сектор без да се воспостави потребната аналитичка евиденција за остварените приходи по овој основ и да се искаже/плати обврската кон Паркови и зеленило. Непочитувањето на наведениот акт предизвикува неосновано зголемување на приходите на јавното претпријатие, намалување на квалитетот на финансиските извештаи и информации кои ги даваат истите и неможност да се врши обновување и одржување на зелените површини за износот кој бил потребен да биде уплатен во корист на ЈП Паркови и зеленило.

**Препорака**

Надлежните органи на управување и раководење на претпријатието да преземат мерки и активности за надминување на утврдените состојби, почитување на актите на основачот и реално и објективно прикажување приходите и обврските спрема други субјекти.

[1] Од 3,5 илјади денари наплатени за подигање на возило од зелена површина на ЈП „Паркови и зеленило“ му припаѓаат 1,5 илјада денари.

Надлежните органи за управување и раководење со претпријатието да формираат работна група која ќе има обврска да ги утврди фактичките обврски спрема ЈП Паркови и зеленило и се пристапи кон нивно плаќање.

4.2.3. Согласно Ценовникот за услуги за користење на јавни паркиралишта кои ги одржува и користи Градски паркинг за месечна и годишна претплата за користење на сите јавни паркиралишта се издава електронска картичка. Приходот остварен по основ на паркирање од затворени паркинзи со месечна или годишна претплата за паркирање изнесува 14.269 илјади денари. На почетокот на месецот во зависност од тоа дали е платена услугата картичката се активира, односно продолжува или се блокира. Фактурирањето на услугата го врши Одделението за комерција врз основа на уплатените средства од страна на корисниците на услугата. Од увидот извршен во Паркинг системите сместени во Одделението за грижа на корисници ревизијата не доби релевантен и достатен доказ за бројот на активни картички поединечно по паркинзи за определен период, ниту пак доказ дека е извршено фактурирање за сите активни картички за кои има склучено договор / барање за користење на јавните паркиралишта, односно не се врши усогласување на информациите за бројот на склучени договори и активни картици и признавање на приходите според пресметковна основа. Признавањето на приходот од услугите врз основа на уплатени средства, а не врз основа на реално користење на услугата за паркирање не е во согласност со точка 20 од МСС 18 – Приходи. Утврдената состојба предизвикува неможност од потврдување на комплетноста на приходите по овој основ.

Со доставените забелешки раководителот на Градски паркинг известува за превземените мерки и активности, меѓу другото дека во Планот за јавни набавки за 2011 година, е планирана набавка на „Софтверски програм за евиденција на податоци за клиенти кои ги користат услугите на Сектор Јавни паркиралишта (чип картички)“, кој ќе овозможи интегрирање на оваа активност со апликативниот софтвер за фактурирање и исто така донесена е „Одлука за спроведување на постапка со барање за прибирање на понуди со објавување на оглас“.

**Препорака**

Надлежните органи за управување и раководење на претпријатието да пропишат процедури за размена на информации и нивно усогласување помеѓу Одделението за комерција и Одделението за грижа на корисници,

кои информации ќе претставуваат основа за фактурирање на услугата и признавање на приходите.

Софтверската апликација „Паркинг систем" кој се користи како софтвер во Одделението за грижа на корисници да се интегрира со софтверот за фактурирање на услугите и во истиот да се воспостави контролна алатка за активирање и деактивирање на картичките.

4.2.4. Согласно член 6 од Законот за градот Скопје кој бил на сила до 16.08.2004 година и членот 10 од Законот за градот Скопје кој стапил на сила на 17.08.2004 година меѓу надлежностите на градот Скопје, односно работи од јавен интерес од локално значење е и комуналната дејност - изградба, одржување и користење на јавни паркиралишта од значење за градот Скопје, утврдени со урбанистичкиот план. Во членот 392 од Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата е предвидено дека режимот на сообраќај на локалните патишта и улици во кој спаѓа и определувањето на простор за паркирање и запирање на возила, врз основа на сообраќаен проект го утврдува градот Скопје во согласност со министерот за внатрешни работи. Согласно надлежностите на градот утврдени во цитираните закони и одредбите на член 36 од Законот за локална самоуправа, Советот на град Скопје на 20.10.2003 година донел Одлука за основање на Јавно претпријатие за јавни паркиралишта, а запишувањето во Централниот регистар е извршено на 13.11.2003 година. Врз основа на одредбите од цитираните закони Градски паркинг за изградба, одржување и користење на јавни паркиралишта до градот Скопје - Сектор за сообраќај доставува Барање за издавање Решение за утврдување на услови и режим на сообраќај. Кон Барањето приложува Проект за сообраќајно – техничко решение за утврдување на услови и режим на сообраќај. Решението за утврдување режим на сообраќај се издава од градот Скопје со претходно добиена согласност од Министерството за внатрешни работи. По издавањето на ова Решение се припрема просторот за изградба на паркинг со сите придружни објекти на истиот. Меѓутоа градот Скопје одобрува изградба и користење на паркинг простор без да се исполнат одредени услови согласно позитивните законски прописи и тоа:

- Не е презентиран документ од каде ќе се согледа дали земјиштето во сопственост на Република Македонија наменето за општа употреба во чие име управува Владата на Република Македонија е дадено на управување на друг орган, односно на единиците на

локална самоуправа или јавните претпријатија како што е предвидено во Законите за градежно земјиште;

- Не е презентиран документ од каде може да се утврди дека изградбата на паркиралиштето е вклопена во генералниот урбанистички план донесен од Советот на Град Скопје и деталниот урбанистички план донесен од Советите на општините во Градот Скопје;
- Не е презентиран документ од каде може да се утврди дека градоначалниците на општините во Градот Скопје донеле Решенија за локациски услови врз основа на поднесена документација наведена во член 52 од Законот за просторно и урбанистичко планирање кое е услов за издавање одобрение за градење;
- Не е презентирана документација потребна за издавање на одобрение за градење ниту одобрение за градење од каде може да се согледа дека се исполнети условите за издавање на одобрение за градба наведени во член 51 од Законот за градење кој бил на сила до 28.10.2009 година и член 59 од Законот за градење кој е на сила од 29.10.2009 година;
- Не се презентирани целосно имотни листови за паркинзите кои се дадени на стопанисување на Градски паркинг, туку се доставени шест имотни листи со датум од 27.04.2006 година, кај кои сопственик е Република Македонија, а како корисници на поодделните паркинзи се запишани Јавното претпријатие за стопанисување со станбен и деловен простор, Јавното претпријатие за поштенски сообраќај ЦО Скопје, Авто – Мото Сојуз на Македонија, Македонска радио телевизија и други.

Погоренаведената состојба создава ризик во законското и наменското користење на средствата и можност од загуби по јавното претпријатие во услови на недифинирана сопственост/право на користење на недвижностите.

**Препорака**

Надлежните органи за управување и раководење со јавното претпријатие во соработка со основачот на јавното претпријатие да превземат активности за надминување на утврдените состојби, обезбедување на потребната документација и одобренија и да се пристапи кон остварување на правото на сопственост/користење.

4.2.5. Надлежните органи на управување и раководење со претпријатието не обезбедиле согласност од основачот - Советот на град Скопје на актот за распределба на добивката искажана по годишните пресметки за 2007 и 2008 година, а за истата

Управниот одбор донел одлуки да се распредели за покривање на дел од загубите искажани по годишните сметки од претходните години, односно загубите за 2005 и 2006 година. Врз основа на донесените одлуки од Управниот одбор, а недоставени и потврдени од Советот на град Скопје, намалена е загубата за износот на искажаната добивка во износ од 2.886 илјади денари. Ваквата состојба не е во согласност со член 11 од Законот за јавни претпријатија и има за ефект оневозможување на правата на основачот и преземање на мерки за отстранување на неповолната економска состојба на претпријатието.

**Препорака**

Надлежните органи за управување и раководење на претпријатието да превземат активности за навремено и редовно донесување на погоре наведените акти и нивно доставување до надлежните органи.

## 4.3. Финансиски извештаи

4.3.1. Градски паркинг е јавно претпријатие основано за извршување на услужни дејности поврзани со копнениот сообраќај, при што меѓу дејностите кои ги извршува е и дејноста паркирање на јавни паркиралишта на кои е дозволено поставување на рекламни објекти. Според Законот за комунални такси предвидена е обврска за плаќање на комунална такса за користење на простор за паркирање и поставување на рекламни објекти наведени во Тарифата на комунални такси во рамките на која со Одлука висината ја утврдува Советот на Градот Скопје. Во изминатиот период од страна на Градот Скопје донесени се повеќе акти со кои се регулира начинот на користење на просторот за паркирање. Според донесените акти организаторот на паркирањето е должен на Град Скопје да му плаќа комунална такса за користење на паркирањето и поставување рекламни објекти. Меѓутоа во Ценовникот доставен на усвојување до Советот на град Скопје за давање согласност на истиот за услугите за користење на јавни паркиралишта утврдена е само цената на услугата за паркирање, без притоа да се утврди целосна структура на истата (цена услуга; ДДВ; комунална такса). Ваквата состојба предизвикува јавното претпријатие да не врши искажување на комуналната такса во самата сметка за извршената услуга „паркирање“ и нејзина наплата заклучно со месец јануари 2011 година и исполнување на обврската кон градот. Оваа состојба предизвикува надлежните инспекциски органи на Град Скопје да извршат инспекциски надзор и да издадат Решение за задолжување на јавното

претпријатие да плати на име комунална такса за периодот 01.01.2007 до 31.10.2008 година средства во износ од 31.532 илјади денари. Од презентираните документи[2] ревизијата не обезбеди соодветни и достатни ревизорски докази дека надлежните инспекциски органи постапиле согласно одредбите на Законот за комунални такси и Законот на даноците на имот при што како основа за утврдување на комуналната такса во записниците е земен остварениот вкупен приход, а не предметот на оданочување утврден во Законот за комунални такси. Имајќи ја во предвид ваквата состојба јавното претпријатие наведената обврска ја искажува преку сметките активни временски разграничувања и обврски додека пак обврската на име комунална такса за 2009 година ја пресметува и искажува во трговските книги со сторнирање на приходот и искажување на обврска по овој основ за износ од 22.730 илјади денари. Ваквата состојба предизвикува непочитување на законските и подзаконските акти кои го уредуваат начинот на пресметување, наплата, плаќање на комуналната такса како и вршењето на надзор од надлежните органи, прилагодување на финансискиот резултат (загуба), намалување на квалитетот на финансиските извештаи и информациите кои ги даваат истите.

Започнувајќи од месец јануари 2011 година јавното претпријатие ја пресметува/искажува комуналната такса во фискалната сметка за извршената услуга.

**Препорака**

Надлежните органи за управување и раководење на претпријатието во соработка со основачот да преземат активности за преиспитување на утврдените состојби и јасно дефинирање на меѓусебните права и обврски и подмирување на истите.

4.3.2. Во сметководствената евиденција искажани се трошоци за извршени градежни работи - поправки, монтажа на бекатон, проширувања, обновување и други градежни работи на паркинзите со кои стопанисува Градски паркинг, со што се врши

[2] Записник за извршен инспекциски надзор број 22/3/21 од 21.11.2008;
-Записник за извршен инспекциски надзор број 22/3/10 од 13.02.2008;
-Извештај за дневен промет;
-Преглед на промет за комунална такса за 2007 година по паркиралишта од 07.04.2008 година;
-Одлука за сметководствена евиденција на комунална такса по Решение бр. 22/3/01 од 21.11.2008 год. Донесено од град Скопје;
-Решение број 22/3/01 од 21.11.2008 година.

продолжување на векот на користење на материјалните средства. Вредноста на извршените работи за 2009 година изнесува 4.069 илјади денари и истите се прикажани како трошоци за тековно одржување. Евидентирањето на овие издатоци како трошоци само во известувачкиот период е врз основа на Одлука донесена од Управниот одбор на претпријатието. Утврдената состојба не е во согласност со точка 96 од Рамката за подготвување и презентирање на финансиските извештаи и член 469 од Законот за трговски друштва и има за последица нереално искажување на трошоците во финансиските извештаи, односно намалување на квалитетот на финансиските извештаи.

**Препорака**

Надлежните органи за управување и раководење на претпријатието да обезбедат доследно почитување на пропишаните политики за начини на евиденција и искажување на трошоците.

4.3.3. Во текот на ревизијата беа испратени конфирмации заради усогласување на побарувањата и обврските искажани во билансните позиции. Од вкупно испратените 17 конфирмации до исто толку коминтенти добиени се 10 одговори, што претставува 59% од вкупно испратените, од кои 6 се потврдени односно 60% од пристигнатите, а 4 не се потврдени односно 40%, додека 7 воопшто не одговорија што претставува 41 % од испратените конфирмации. Од претходното може да се констатира недоволен одзив на вашите коминтенти кое оневозможува целосно да ја завршиме постапката на верификација на побарувањата и обврските по овие основи.

**Препорака**

Надлежните органи за управување и раководење на претпријатието да пропишат политики и обезбедат нивно имплементирање во насока на континуирано усогласување на побарувањата и обврските со правните лица со кои имаат деловна соработка (коминтентите), заради нивно реално и објективно прикажување во финансиските извештаи.

**Утврдени слабости на ИТ системот**

4.3.4. Градски паркинг користи централизиран ИТ систем каде има контроли за пристап до податоците и редовно правење на безбедносна копија, меѓутоа сите постапки кои се прават не се документирани и одобрени од менаџментот.

Развојот на ИТ системот не е документиран што доведува до ризик за погрешни проценки при инвестиции во таа област со оглед на фактот што приходот на претпријатието во голема мерка е поврзан со ИТ системот.

Во Секторот Пајак на податоците од апликацијата за наплата, сигурносна копија се прави само локално на компјутерот, а не и на централизирана локација што претставува ризик од губење на податоците во случај на хаварија. Во апликацијата не се внесува серискиот број на налогот, што оневозможува дополнителни контроли и извештаи.

Во Секторот за грижа на корисници нема електронска поврзаност помеѓу апликацијата за затворени паркиралишта и апликацијата за фактурирање. Евиденцијата во секторот се води во Excel самоиницијативно од вработените и при тоа податоците за 2009 година не се зачувани. Ваквата состојба доведува до ризик од целосноста на информациите за активирани картички и наплатени фактури.

**Препораки:**

Ревизијата препорачува развојот на ИТ системот во претпријатието да се прави документирано со ИТ Стратегија за развој со планирани ресурси за инвестиции по периоди и одредена насока.

Да се пропишат политики и процедури за користење на ИТ системот во претпријатието.

Да се дефинира излезот и влезот на податоците од една во друга апликација и по можност да се автоматизираат.

Во апликацијата во Сектор Пајак да се внесува и серискиот број на налогот за подигање на возило.

Во Секторот за грижа на корисници да се дефинира и по можност автоматизира процесот на активирање/деактивирање на картички со наплатата на паркингот.

### 4.4. Користење на средствата согласно законските прописи

4.4.1. При увидот во начинот на планирање, спроведување и реализација на постапките за јавни набавки, констатирани се состојби кои упатуваат на недоследно почитување на законските и подзаконските акти од областа на јавните набавки и архивската граѓа во вкупен износ од 12.552 илјади денари, и тоа:

- спроведени се постапки за јавни набавки во 2008 година за набавка на услуги (транспорт на пари, видео надзор) и работи (извршување на градежни работи, бележење на јавните

паркиралишта) со реализација во 2008 и 2009 година, за кои не е обезбедено доследно почитување на одредбите на Законот за јавни набавки детално елаборирани во Прилог број 1 во износ од 4.385 илјади денари, односно (во спроведените постапки за јавни набавки евалуацијата не е извршена во согласност со член 140 став 8 од Законот за јавни набавки кое упатува односно не обезбедува доследно почитување на член 162 од Законот за јавни набавки во делот на избор на најповолна понуда; доделени се набавки по пат на склучување на анекс договор без да се превземат активности за спроведување на соодветна постапка и доделени се договори за јавни набавки кои не се планирани во планот за јавни набавки) ;

- спроведени се постапки за јавни набавки во 2009 за набавка на услуги (привремено вработување, осигурување, реализација на кампања) со реализација во 2009 година и 2010 година, за кои не е обезбедено доследно почитување на одредбите на Законот за јавни набавки детално елаборирани во прилог број 2 во износ од 6.467 илјади денари (презентирани се два договори со исти архивски број и датум но со различни одредби; не е презентиран уреден и веродостоен документ од комисијата за оценување на квалитет што преставува еден од критериумите за избор на најповолен понудувач; извршено е евалуирање на понуди кои се нецелосни, не е склучен договор со избраниот понудувач и по спроведената постапка за јавна набавка донесени се две одлуки за изменување и дополнување на одлуката за јавна набавка со кои се врши дополнување/проширување на предметот на набавката кои имаат различен архивски број, а иста содржина што не е во согласност со одредбите од Уредбата за канцелариско и архивско работење и Упатството за начинот и техниката на постапување со документиран материјал и архивска граѓа во канцелариското и архивското работење), и
- извршена е набавка на стоки (горива) во износ од 1.700 илјади денари, без да се спроведе постапка за јавна набавка (прилог број 3);

Несоодветното постапување во доделувањето на договорите за јавна набавка предизвикува можност од ненаменско и незаконско користење на средствата и необезбедување на фер конкуренција, еднаква и недискриминаторска положба на понудувачите, транспарентност и јавност при набавките.

Со доставените забелешки раководителот на Градски паркинг известува за превземените мерки и активности односно дека е донесена „Процедура за начинот на спроведување на јавните

набавки во ЈП Градски паркинг – Скопје“ со архивски број 03-372/1 од 19.04.2011 година.

**Препорака**
Одговорното лице на договорниот орган да преземе мерки за имплементирање на пропишаните процедури за начинот на планирање, спроведување и реализација на постапките за јавните набавки и воспоставување на контроли за нивно следење како и следење на реализацијата на доделените договори за јавни набавки.

**Вкупни ефекти од наодите**

Вкупен ефект од изнесените наоди во точките 4.2.2.; 4.2.3. 4.2.5.; 4.3.1.; и 4.3.2. е: нереално и нецелосно искажување на обврските спрема другите правни субјекти, непресметување и наплата на комуналната такса, неможност од потврдување на комплетноста на приходите, несоодветно разграничување на направените капитални расходи во износ од 4.069 илјади денари и намалување на квалитетот на финансиските извештаи.

## 5. Ревизорско мислење

**Мислење - за финансиски извештаи**

Според наше мислење, поради значењето на прашањата изнесени во точките 4.2.2.; 4.2.3.; 4.3.1.; и 4.3.2. финансиските извештаи не ја прикажуваат вистинито и објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на Јавното претпријатие за јавни паркиралишта Градски паркинг Скопје на ден 31 декември 2009 година и резултатот од финансиските активности и паричните текови за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

**Мислење - за усогласеност со закони и прописи**

Според наше мислење, поради значењето на прашањата изнесени во точките 4.2.1.; 4.2.2.; 4.2.3.; 4.2.4.; 4.3.1.; и 4.4.1. активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи на Јавното претпријатие за јавни паркиралишта Градски паркинг Скопје не се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

## 6. Системски слабости

6.1. Согласно тарифен број 8 од Тарифата за комунални такси која е составен дел на Законот за комунални такси предвидена е обврска за комунална такса за користење на простор за паркирање на моторни

возила. Висината на комуналните такси согласно член 2 од Законот за комунални такси во рамките утврдени со Тарифата, со Одлука ја утврдува Советот на Градот Скопје. Врз основа на оваа законска обврска Советот на Градот Скопје на седницата одржана на 04.07.2005 година донел Одлука за висина на комуналните такси во Градот Скопје. Според тарифен број 8 од оваа Одлука предвидена е комунална такса за користење на простор за паркирање на моторни возила и тоа паркирање на патнички возила на јавни паркиралишта:

- дневно 30 денари;
- по час 10 денари;
- товарни возила и автобуси - дневно 100 денари и
- паркирање на приколки -дневно 50 денари.

Со извршениот увид во законските и подзаконските акти ревизијата констатира системска слабост односно Законот за комунални такси не кореспондира со услугите кои ги дава претпријатието односно во тарифниот број 8 недостасуваат одредби за утврдување на границите на комуналната такса за сите видови на услуги кои ги дава јавното претпријатие во делот на паркирање на моторни возила. Имено, во законот е предвидено обврска за плаќање на комунална такса за паркирање од час и дневно, а не е предвидена обврска за паркирањето за кои корисниците плаќаат месечни и годишни билети и не е земено во предвид зонското паркирање кое е воведено во 2008 година. Горенаведената состојба упатува на потребата од преиспитување на одредбите од Законот за комуналните такси и негово прилагодување на реалните состојби како во однос на висината на комуналната такса така и во однос на видот на услугите.

## 7. Нагласување на прашања за неизвесност или континуитет

7.1. Склучен е “Сла Договор “ заведен под број 03-59/1 од 20.01. 2009 година со Друштвото за електроника, автоматика и информатика Електро софт Скопје за тековно одржување на механичкиот, хардверскиот и софтверскиот дел на паркинг системите за регулирање на влез и излез од паркиралиштата во владение на Градски паркинг каде е инсталирана опрема од производство на Електро софт. Во делот од договорот во кој е регулирана цената на чинење на услугите за тековно одржување, редовните обиколки и приправноста на екипите е утврдено дека истата изнесува 30 илјади денари и 18% ДДВ (на месечно ниво по паркинг) за паркинг системите на јавните паркиралишта Телеком, Градска болница, Кочо Рацин, Музеј на град Скопје и Треска и 20 илјади денари и 18% ДДВ (на месечно ниво по паркинг) за паркинг системите на јавните паркиралишта Камени мост, Дом на печат, АМСМ, ЗОИЛ и Илинден. Со почитување на овој

договор на месечна основа Градски паркинг било должно да плаќа по 250 илјади денари без ДДВ или 295 илјади денари со вкалкулиран ДДВ, што е случај само во последните четири месеци од 2009 година. Во првите пет месеци од 2009 година во сметководствената евиденција на име услуги за одржување и заштита по овој основ евидентирани се трошоци во износ од 150 илјади денари на месечно ниво без ДДВ, за да во месеците јуни, јули и август бидат евидентирани 130 илјади денари на месечно ниво без ДДВ за сите паркинг системи. Во текот на 2009 година на име тековно одржување и сервисирање на Паркинг Системите од економскиот оператор Електро софт доставени се и евидентирани трошоци по тој основ во износ од 2.140 илјади денари, што претставува отстапување од 860 илјади денари без вклучен ДДВ од договорената вредност. На ревизијата не и е презентиран документ од кој може да се согледа основот за нетипичното отстапување од договорената вредност. Ваквата состојба создава ризик од нецелосно евидентирање на обврските и трошоците за тековно одржување, како и можност за подоцнежна наплата на утврдената разлика од страна на добавувачот, поради што ревизијата препорачува нефактурираниот дел од договорот да биде покриен со соодветен документ ( Спогодба, записник за усогласување на меѓусебните побарувања и обврски, книжно одобрение и слично).

Скопје, 26.05.2011 година

## БИЛАНС НА УСПЕХ ЗА 2009 ГОДИНА

во 000 Ден.

| ОПИС | 2009 | 2008 |
|---|---|---|
| Приходи од продажба | 72.700 | 78.816 |
| Останати деловни приходи | 13.427 | 2.809 |
| **Вкупни приходи од оперативно работење** | **86.127** | **81.625** |
| Материјални трошоци | 26.450 | 15.722 |
| Трошоци за бруто плати | 59.249 | 41.178 |
| Амортизација и вредносно усогласување на долгорочни средства | 4.474 | 3.733 |
| Вредносно усогласување на на краткорочни средства | 51 | 11 |
| Останати оперативни трошоци | 11.154 | 17.400 |
| **Вкупно трошоци од оперативно работење** | **101.378** | **78.044** |
| Приходи од камати, курсни разлики и слични приходи | 8 | 8 |
| Расходи по основ на камати, курсни разлики и слични расходи | 122 | 180 |
| **ДОБИВКА/ЗАГУБА ОД РЕДОВНО РАБОТЕЊЕ** | **(15.365)** | **3.409** |
| **ДОБИВКА/ЗАГУБА ПРЕД ОДАНОЧУВАЊЕ** | **(15.365)** | **3.409** |
| **Данок од добивка** | **444** | **752** |
| **НЕТО ДОБИВКА/ЗАГУБА** | **(15.809)** | **2.657** |

## БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31 ДЕКЕМВРИ

во 000 Ден.

| Опис на позицијата | 2009 | 2008 |
|---|---|---|
| **Актива** | | |
| **Тековни средства** | | |
| Парични средства и хартии од вредност | 292 | 1.571 |
| Побарувања по основ на продажба | 7.100 | 3.016 |
| Побарувања од поврзани субјекти | 220 | - |
| Други краткорочни побарувања | 225 | 207 |
| Платени трошоци за идните периоди | 34.808 | 32.809 |
| Побарувања за дадени аванси, депозити и кауции | 1 | 288 |
| Залихи | 778 | 638 |
| **Вкупно тековни средства** | **43.424** | **38.529** |
| **Нетековни средства** | | |
| Нематеријални и материјални средства | 30.367 | 27.559 |
| **Вкупно нетековни средства** | **30.367** | **27.559** |
| **Вкупна актива** | **73.791** | **66.088** |
| **Пасива** | | |
| **Тековни обврски** | | |
| Обврски спрема добавувачите | 12.867 | 6.835 |
| Примени аванси, краткорочни депозити и кауции | 8 | 13 |
| Краткорочни обврски спрема поврзани субјекти | 932 | 1.799 |
| Останати краткорочни обврски | 62.737 | 38.016 |
| Одложени плаќања на трошоци | 3.032 | 2.965 |
| **Вкупно краткорочни и долгорочни обврски** | **79.576** | **49.628** |
| **Нетековни обврски** | | |
| Долгорочни обврски | 4.775 | 11.211 |
| **Капитал и резерви** | | |
| Капитал | 7.148 | 7.148 |
| Нето добивка | - | 2.657 |
| Пренесена загуба | 1.899 | 4.556 |
| Загуба за финансиска година | 15.809 | - |
| **Вкупно капитал и резерви** | **(10.560)** | **5.249** |
| **Вкупна пасива** | **73.791** | **66.088** |

**П Р Е Г Л Е Д**
**ПРОМЕНИТЕ НА КАПИТАЛОТ И РЕЗЕРВИТЕ ЗА 2009 ГОДИНА**

| О П И С | Капитал | Загуба од финансиската година | Вкупно |
|---|---|---|---|
| **Состојба 01.01.2009 година** | **7.148** | **(1.899)** | **5.249** |
| Уплати на акции | | | - |
| Добивка за финансиска 2009 година | | | - |
| Распределба на добивката за 2008 година во корист на капиталот и резервите | | | - |
| Распределба на добивката за 2008 година за покривање на загуба од минати години | | | |
| Ревалоризациона резерва за годината | | | - |
| Распределба на ревалоризац. резерва | | | - |
| Загуба за финансиска година | | (15.809) | **(15.809)** |
| Покривање на загубата на терет на капиталот | | | - |
| Останати неспомнати промени кои влијаат на капиталот и резервите | | | - |
| **Состојба 31.12.2009 година** | **7.148** | **(17.708)** | **(10.560)** |

## ИЗВЕШТАЈ ЗА ПАРИЧНИОТ ТЕК ЗА 2009 ГОДИНА

во 000 Ден.

| | 2009/2008 |
|---|---|
| **ГОТОВИНСКИ ТЕКОВИ ОД ОПЕРАТИВНО РАБОТЕЊЕ** | |
| **НЕТО ДОБИВКА ПРЕД ОДАНОЧУВАЊЕ** | **(15.365)** |
| Трошоци кои не повлекуваат користење на обртни средства: | |
| Амортизација | 4.474 |
| Ттрошоци од поранешни години и пресметани камати | 108 |
| Расходи од отпис на побарувања и кусоци | 5 |
| Неотпишана вредност на отуѓени и отпишани средства | 18 |
| Данок од добивка | 444 |
| **Готовински текови од работење** | **(10.316)** |
| Побарувања по основ на продажба | (4.084) |
| Други краткорочни побарувања | (18) |
| Платени трошоци за идните периоди | (1.999) |
| Побарувања за дадени аванси депозити и кауции | 287 |
| Залихи | (140) |
| Обврски спрема добавувачи | 6.032 |
| Примени аванси, депозити и кауции | (5) |
| Краткорочни обврски спрема поврзани субјекти | (1.799) |
| Останати краткорочни обврски | 24.721 |
| Одложени плаќања на трошоци | 67 |
| **Нето готовински текови од оперативно работење** | **12.746** |
| **ГОТОВИНСКИ ТЕКОВИ ОД ИНВЕСТИЦИОНО РАБОТЕЊЕ** | |
| Нематеријални и материјални вложувања | (7.589) |
| **Нето готовински текови од инвестиционо работење** | **(7.589)** |
| **ГОТОВИНСКИ ТЕКОВИ ОД ФИНАНСИСКО РАБОТЕЊЕ** | |
| Обврски по долгорочни кредити | (6.436) |
| **Нето готовински текови од финансиско работење** | **(6.436)** |
| **НЕТО ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА ПАРИЧНИТЕ СРЕДСТВА** | **(1.279)** |
| **ПАРИЧНИ СРЕДСТВА НА ПОЧЕТОКОТ НА ГОДИНАТА** | **1.571** |
| **ПАРИЧНИ СРЕДСТВА НА КРАЈОТ НА ГОДИНАТА** | **292** |

ГРАДСКИ ПАРКИНГ
N.P. PARKINGU I QYETIT - SHKUP

ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ЈАВНИ ПАРКИРАЛИШТА ГРАДСКИ ПАРКИНГ - СКОПЈЕ
NDERMARRJE PUBLIKE PER PARKINGJE PUBLIKE PARKINGU I QYETIT - SHKUP

арх. бр. 03- 365/ 2
06.05.2011 година

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
10.03.2011
13 - 431/6

До
***ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА***

Предмет: ***ЗАБЕЛЕШКИ НА „НАЦРТ ИЗВЕШТАЈ ЗА ИЗВРШЕНА РЕВИЗИЈА НА ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ И РЕВИЗИЈА НА УСОГЛАСЕНОСТ ЗА 2009 ГОДИНА НА ЈП ГРАДСКИ ПАРКИНГ- СКОПЈЕ“***

Јавното претпријатие за јавни паркиралишта Градски паркинг- Скопје по разгледување на „Нацрт Извештајот за извршена ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеност за 2009 година“ од Државниот завод за ревизија број 13- 431/ 1 од 05.04.2011 година, во предвидениот рок Ви доставува забелешки на истиот.

Во делот **4.1** Интерни контроли, **4.1.1** Процес на јавни набавки и **4.4.1** Користење на средствата согласно законските прописи, Државниот завод за ревизија наведува дека во Претпријатието не е воспоставен интерен систем за контрола на спроведување на процесот на јавни набавки, состојба која има за последица можност за дискриминирачка положба на понудувачуте и нарушување на транспаретноста на јавните набавки.

Во врска оваа забелешка на Државниот завод за ревизија, а согласно нивната препорака, јавното претпријатие односно, раководниот орган донесе „Процедура за начинот на спроведување на јавните набавки во ЈП Градски паркинг- Скопје“ со арх. бр. 03- 372/ 1 од 19.04.2011 година каде подетално се опишани процесите на планирање, спроведување и реализација на јавните набавки, утврдени се начините на контрола и одговорност на сите учесници во процесот на спроведување на јавните набавки и утврден е начинот на следење и реализацијата на доделените договори за јавна набавка. Во прилог Ви ја доставуваме горенаведената Процедура.

Во делот **4.2** Усоглсеност со закони и прописи, подточка **4.2.1** од Нацрт Извештајот по забелшката дека при увид во постапувањето со документираниот материјал и архивската граѓа во канцелариското и архивско работење во текот на 2009 година се констатирани состојби кои не се во состојби кои не се во соглсност со „Уредбата за канцелариско и архивско работење“ и „Упатството за начинот и техниката на постапување со документиран материјал и архивска граѓа во канцелариско и архивско работење“, Јавното Претпријатие Ве известува дека е воведен софтвер за

канцелариско и архивско работење. Обезбедена нова и соодветна компјутерска опрема за ефикасно функционирање на софтверот, извршена е обука на 2 (две) вработени лица за работа со софтверот, од 01.01.2011 година во целост е ставен во употреба електронскиот деловодник при што редовно се прави заштитна копија (бекап) на податоците. Со горенаведените дејствија, јавното претпријатие во целост ги надмина сите недостатоци во делот на канцелариско и архивско работење и работи согласно законските и подзаконските акти. Во прилог Ви доставуваме допис од Македонски Бизнис Системи како потврда на горенаведеното.

Во делот **4.2.2** од Нацрт Извештајот е посочено дека Претпријатието не постапува согласно Заклучок број 07- 1464/ 2 од 23.05.2006 година донесен на седница на Совет на град Скопје, со кој ЈП Градски паркинг- Скопје се задолжува дел од наплатената сума за услугата „подигање возила од зелена површина" да ги префрли на сметка на Јавното претпријатие Паркови и зеленило- Скопје заради обнова на зелените појаси.

Со однос на оваа забелешка, Ве известуваме дека ЈП Градски паркинг- Скопје функционира како посебно правно лице кое обавува јавна дејност по одобрение на основачот (Град Скопје) и може да остварува приходи единствено во своја корист врз основа на дејноста која што ја извршува. Доколку на ЈП Паркови и зеленило- Скопје, согласно позитивните прописи, им следува дел од надоместокот за подигање и отстранување на запрени или паркирани возила на зелена површна, во тој случај треба самостојно да врши побарување и наплата. Заради наведените причини, раководниот орган на ЈП Градски паркинг- Скопје во наредниот период ќе поднесе инцијатива пред надлежниот орган (Совет на Град Скопје) за укинување на оваа обврска на Претпријатието.

Во делот **4.2.3** е посочена неусогласеност на софтерската апликација „Паркинг систем" преку која се врши активирање и контунирано следење на издадените електронски чип картички и софтверската апликација преку која се фактурира издадената услуга, со што е оставена можност за некомплетни податоци за остварените приходи по основ на издадени електронски картички.

Во однос на оваа забелешка, Ве известуваме дека во „Планот за јавни набавки за 2011 година" точка 2.21 е предвидена набавка на услуга: „Софтверски програм за евиденција на податоци за клиенти кои ги користат услугите на Сектор Јавни паркиралишта (чип картички)". Оваа софтверска апликација ќе се овозможи интегрираност на споменатите два система и ќе возможи во секој момент да се добијат точни податоци за

бројот на издадени картички и остварените приходи по истиот основ. Истовреме, Јавното Претпријатие Ве известува дека раководното лице на Претпријатието на ден 05.05.2011година потпиша „Одлука за потреба од набавка на софтверски програм за евиденција на податоци за клиентите кои ги користат услугите на Сектор Јавни паркиралишта (чип картички)".

Во делот **4.2.4** е наведено дека ЈП Градски паркинг- Скопје стопанисува со јавните паркиралишта на територијата на град Скопје за кои „Решение за утврдување на режимот на сообраќај" има добиено од Сектор за сообраќај на Град Скопје. Државниот завод за ревизија има забелешка дека споменатите Решенија, се издадени без да бидат исполнети одредени услови согласно законските прописи. Условите на кои се повикува Државниот завод за ревизија и за кои тврди дека не се исполнети (презентирање на документ за сопственост на земјиштето, документ од кој може да се утврди дека изведбата на паркиралиштето е вклопена во генералниот урбанистички план и Решение за локациски услови), се услови кои согласно позитивните законски прописи треба да бидат исполнети во случај доколку ЈП Градски паркинг- Скопје добива решение за трајно користење на јавните паркиралишта со кои стопанисува. Во моментов, сите решенија врз основа на кои работи јавното претпријатие се од времен карактер и за нивно издавање, согласно законсите прописи, не е потребно да бидат исполнети условите на кои се повикува Државниот завод за ревизија. Со оглед на горенаведеното не постои ризик за ненеменско користење на средствата и можност за загуби на јавното претпријатие.

Во делот **4.2.5**, по забелешката дека од основачот (Совет на Град Скопје) не е обезбедена согласност на актот за распределба на добивката од 2007 и 2008 година односно, покривање на загубата од 2005 и 2006 година согласно донесените Одлуки од Управниот Одбор, Претпријатието веднаш пристапи по препораката и при усвојување на Завршната пресметка за 2010 година ги достави Одлуките донесени од Управниот одбор за покривање на загубата (за 2010 година) како и за покривање на акумулираната загуба (од претходните години) до основачот.

Во прилог на забелепките Ви доставуваме и:

- Одлука број 02- 211/ 5-1 од 25.02.2011 за покривање на загубата;
- Одлука број 02- 211/ 5-2 од 25.02.2011 за покривање на акумулираната загуба;
- Известување до Град Скопје број 03- 267/ 1 од 16.03.2011 година и
- Одлука за давање согласност на Годишната сметка за 2010 година.

Во делот **4.3.1** дадена е забелешка за непочитување на законските и подзаконски акти кои го уредуваат начинот на пресметување, наплата, плаќање на комуналната такса како и вршењето на надзор од надлежните органи, прилагодување на финансискиот резултат (загуба), намалување на квалитетот на финансиските извештаи и информации кои ги даваат истите. Притоа, препорака на Државниот Ревизор е Претпријатието во соработка со основачот да превземе активности за преиспитување на утврдените состојби со јасно дефинирање на меѓусебните права и обврски и нивно подмирување.

Кон оваа забелешка го истакнуваме фактот дека Јавното претпријатие има постапено по оваа препорака уште во 2007 година обраќајќи се со дописи, Известувања и Барање на мислење до повеќе институции: Основачот- Град Скопје, Министерство за финансии, Управа за јавни приходи.

На оваа забелешка и препорака и самиот државен ревизор има став дека се работи за системска слабост (во делот 6.1 од Нацрт извештајот). Според тоа, решавањето на системска слабост значи ангажман на повеќе институции: јавното претпријатие е најмалку моќно како единка да делува на измена на одредбите од Законот за комунални такси и тоа особено во делот на тарифниот број 8 според кој Јавното Претпријатие е обврзано да ја пресметува обврската за комунална такса.

За таа цел, Јавното претпријатиео во своите извештаи (квартални, годишни) редовно ги известува органите на управување на Претпријатието и основачот во врска проблемите (нереални финансиски извештаи) кои произлегуваат од доследна примена на Законот за комунални такси.

Искажувањето на комуналната такса во фискалните сметки до 2010 година не се применуваше од едноставна причина што Министерството за финансии- Управата за јавни приходи тоа не го дозволи (прилог: Мислење број 11- 859/ 2 од 24.03.2008 година).

Веќе во 2011 година, комуналната такса е имплементирана во фискалните сметки но по добивање претходна согласност од Управата за јавни приходи (прилог: Известување број 22- 15- 14379/ 4 од 22.12.2010 година).

Претпријатието ќе постапи по препораката на Државниот ревизор и ќе ги интензивира своите активности во решавање на овие прашања, заедно со основачот Град Скопје.

Во делот **4.3.3** наведена е забелешка дека одзивот на корисниците во врска со усогласување на побарувањата и обврските е недоволен.

Јавното претпријатие во актот на систематизација има предвидено обврска на финансиските книговодители за редовно сложување на состојбите со корисниците што редовно се практикува и извршува, вообичаено на крај од годината).

Во делот на точка **7.1** е дадена забелешка во однос на „Сла Договор" број 03-59/ 1 од 20.01.2009 година со фирмата Електрософт каде што во целост не се евидентирани обврските на нашето претпријатие. Препораката на државниот ревизор да се изготви Записник со кој ќе се потврдат и усогласат меѓусебните права и обврски Претпријатието ја прифаќа и по истата ќе постапи во најкус рок.

Во делот на пресметка на плати, Државниот ревизор има забелешка на користење на нето вредноста на бодот, смета дека не е имплементиран концептот на бруто плата во софтверската апликација.

Јавното претпријатие во 2009 година го имплементира концептот на бруто плата во своето работење при пресметка на платите притоа доследно почитувајќи ги законските одредби кои произлегуваат од овој концепт.

По препорака на државниот ревизор ќе се спроведе корекција во софтверската апликација со што вредноста на бодот ќе се изразува во бруто износ со вклучени даноци и придонеси.

Во делот **4.3.4** Слабости на ИТ системот, Државниот завод за ревизија наведува дека се воочени одредни слабости со ИТ системот во делот на редовно правење на безбедносни копии, пропишување на писмени правила за користење на ИТ системот и интегирање на софтерските апликации кои се важен сегмент од нормалното и ефикасно функционирање на јавното претпријатие.

Во врска со оваа забелешка и доставените препораки од страна на Државниот завод за ревизија, Ве известуваме дека софтверската апликација која функционира во Сектор Пајак е инсталирана и се одржува од страна на *ЛАБКОМ* Скопје и сите промени и подобрување на истата е потребно да бидат направени со нивна соработка и зависат од можносите кои ги дозволува апликацијата.

Сите софтверски апликации кои функционираат во рамки на Претпријатието се изработени од страна на стручни и лиценцирани ИТ компании кои се избрани преку транспаретна постапка на јавна набака; за сите апликации јавното претпријатие има обезбено редовен сервис, одржување и надградби на истите. Во Претпријатието постојат

голем број вработени лица кои се обучени за работа со софтверските апликации и постои вработено лице кое е задолжено за ИТ одделението.

Во врска со изработка на пишани правила и процедури за користење на ИТ системот и ИТ стратегија за развој, раководното лице на Претпријатието веќе наложи ИТ одделот да пристапи кои нивна изработка.

Сите забелешки кои се наведени во „Нацрт извештајот за извршена ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеноста за 2009 година на Јавното претпријатие за јавни паркиралишта Градски паркинг- Скопје", од страна на раководите органи на Претпријатието се сфатени со голема сериозност и во наредниот период ќе бидат превземени соодветни дејствија за надминување на истите, со тоа и подобрување на целокупното работење на Претпријатието.

Со почит,

ЈП Градски паркинг- Скопје
Скопје, 06.05.2011 година

Директор,
Борче Јакимовски

Одговор

**на забелешките на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор**

Законскиот застапник на Јавното претпријатие за јавни паркиралишта Градски паркинг Скопје (во понатамошниот текст јавното претпријатие), на ден 10.05.2011 година достави Забелешки на Нацрт извештајот за извршената ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2009 година заведени под број 13-431/6 од 10.05.2011 година.

Овластениот државен ревизор ги разгледа доставените забелешки на Нацрт извештајот и истите не ги прифати поради тоа што дел од доставените забелешки претставуваат информирање за превземените мерки за дадените препораки, Доставените известувања за превземените мерки за дадените препораки соодветно ќе бидат обелоденети во Конечниот ревизорски извештај. Деталните објаснувања за дадените забелешки се презентирани во продолжение и тоа како што следува:

1. Упатената забелешка на точка 4.1.1. која се однесува на функционирањето на системот на интерни контроли во процесот на јавни набавки и точката 4.4.1 користење на средства согласно законските прописи, **не претставува забелешка.** Раководителот на субјектот информира за превземените активности односно дека е донесена „Процедура за начинот на спроведување на јавните набавки во ЈП Градски паркинг – Скопје" со архивски број 03-372/1 од 19.04.2011 година. Превземената активност ќе биде соодветно обелоденета во точката 4.4.1. од Конечниот извештај, а дадената препорака преформулирана.

2. Упатените забелешки на точка 4.2.1 која се однесува на утврдената состојба за несоодветно постапувањето со документираниот материјал и архивската граѓа во канцелариското и архивско работење во текот на 2009 година, **не претставуваат забелешка.** Раководителот на субјектот информира за превземените активности односно дека е воведен софтвер за канцелариско и архивско работење, обезбедена е нова и соодветна компјутерска опрема за ефикасно функционирање на софтверот и истиот е целосно ставен во употреба. За констатираната состојба кон забелешките на Нацрт извештајот доставен е допис од Македонски Бизнис Системи ДООЕЛ–Скопје како потврда за

*Ревизорски тим:*
1.__________
2.__________
3.__________

*Овластен државен ревизор:*
__________

функционирање на системот заведена под број 03-398/1 од 29.04.2011 година. Превземените активности ќе бидат соодветно обелоденети во Конечниот извештај.

3. Упатените забелешки на точка **4.2.2** која се однесува на утврдената состојба за непочитување на Заклучокот донесен од Советот на град Скопје број 07-1464/2 од 23.05.2006 година со кој ЈП Градски паркинг – Скопје е задолжен дел од наплатената сума за подигање на возила од зелена површина да ги уплатува на Јавното претпријатие Паркови и зеленило – Скопје **не се прифаќаат.** Раководителот на субјектот изнесува сопствено видување за непочитување на наведениот заклучок во исто време информира дека ќе превземе мерки, односно ќе поведе иницијатива за укинување на наведената обврска на јавното претпријатие.

4. Упатените забелешки на точка **4.2.3** која се однесува на утврдената состојба за невоспоставената пракса на усогласување на информациите за склучени договори и активни картици и признавање на приходите според пресметковна основа, **не претставуваат забелешка.** Раководителот на субјектот известува за превземените мерки и активности, меѓу другото дека во Планот за јавни набавки за 2011 година е планирана набавка на „Софтверски програм за евиденција на податоци за клиенти кои ги користат услугите на Сектор Јавни паркиралишта (чип картички)", кој ќе овозможи интегрирање на оваа активност со апликативниот софтвер за фактурирање и исто така донесена е „Одлука за спроведување на постапка со барање за прибирање на понуди со објавување на оглас". Превземените активности ќе бидат соодветно обелоденети во Конечниот извештај.

5. Упатените забелешки на точка **4.2.4** кои се однесуваат на утврдените констатации дека за изградбата и користење на паркиралиштата не е обезбедена потребната документација и одобренија согласно Законот за градежно земјиште, Законот за просторно и урбанистичко планирање и Законот за градење **не се прифаќаат.** Раководителот на субјектот не достави дополнителни докази со кои ќе се оспорат или изменат утврдените состојби од ревизијата. Во забелешките раководителот на субјектот наведува дека сите решенија врз основа на кои работи јавното претпријатие се од времен карактер и за нивното

***Ревизорски тим:*** ***Овластен државен ревизор:***

1.________________

2.________________

3.________________

издавање согласно законските прописи не е потребно да бидат исполнети одредени услови. Ваквата констатација не се прифаќа поради фактот што изградбата на паркиралиштата согласно Законот за градба и Правилникот за поблиско определување на градби по одделни категории за градба се градби од трета категорија и за истите е потребна одобрение за градење издадено од градоначалникот на општината, односно градоначалниците на општините на градот Скопје. Во членот 62 од Законот за градење кој бил на сила до 28.09. 2009 година и членот 73 од Законот за градење кој е на сила од 29.10.2009 година се наведени градбите за кои не е потребно одобрение за градење, но во цитираните ослободувања не се наведени паркиралиштата.

6. Упатените забелешки на точка **4.2.5** кои се однесуваат на констатацијата дека надлежните органи на управување и раководење со претпријатието не обезбедиле согласност од основачот - Советот на град Скопје на актот за распределба на добивката искажана по годишните пресметки за 2007 и 2008 година, а за истата Управниот одбор донел одлуки да се распредели за покривање на дел од загубите искажани по годишните сметки од претходните години, односно загубите за 2005 и 2006 година, **не претставуваат забелешка**. Раководителот на субјектот известува за превземените мерки и активности односно информира за повеќе донесени акти кои се во насока на постапување по дадената препорака од страна на ревизијата. Имајќи во предвид дека во прилог на забелешките недостасува Одлуката број 02-211/5 од 25.02.2011 година од која би се констатирале конкретните активности/обврски на основачот по основ на искажаната загуба од работењето на јавното претпријатие и нејзиното покривање, ревизија не може да изврши обелоденување на превземените активности.

7. Упатените забелешки на точка **4.3.1** кои се однесуваат на утврдените состојби за непочитување на законските и подзаконските акти кои го уредуваат начинот на пресметување, наплата, плаќање на комунални такси како и вршење на надзор од надлежните органи, **не се прифаќаат**. Раководителот на субјектот не достави нови докази, со кои ќе ги оспори или измени утврдените состојби. Раководителот на субјектот врши елаборирање на причините кои довеле за таквата

состојба како и известување дека претпријатието ќе постапи по дадената препорака од Нацрт извештајот и ќе ги интензивира активностите за решавање на ова прашање. Цитираните дописи, барања и мислења од повеќе институции ревизијата ги имаше во предвид и во периодот на самото вршење на ревизијата.

8. Упатените забелешки на точка 4.3.3 кои се однесуваат на констатацијата дека одзивот на корисниците во врска со усогласување на побарувањата и обврските е недоволен, <u>не се прифаќаат</u> поради недоставување на нови докази.

9. Упатените забелешки на точка 4.3.4 кои се однесуваат на констатирани слабости во ИТ системот во делот на редовно правење на безбедносни копии, пропишување на писмени правила за користење на ИТ системот и интегрирање на софтверските апликации кои се важен сегмент од нормалното и ефикасно функционирање на јавното претпријатие <u>не претставуваат забелелешка.</u> Раководителот на субјектот не достави дополнителни докази со кои ќе ги оспори или измени утврдените состојби од ревизијата, истиот информира за состојбите во јавното претпријатие и за причините кои ја предизвикале утврдената состојба и воедно ќе наложи превземање на конкретни активности за изработка на пишани правила и процедури за користење на ИТ системот и ИТ стратегијата за развој.

10. Упатените забелешки точката 7.1. кои се однесуваат на нагласувањата на прашања за неизвесност и континуитет во врска со склучениот Сла Договор со субјектот Електрософт <u>не претставуваат забелешка.</u> Раководителот на субјектот информира дека за извршеното обелоденување јавното претпријатие ќе превземе мерки во најкус период за надминување на наведената состојба.

Скопје, 17.05.2011 година

***Ревизорски тим:***
1.________________
2.________________
3.________________

***Овластен државен ревизор:***
____________________